A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)
(/default)
МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 09.05.2019

На 08.05.2019 година во 15.00 часот на магистралниот пат Крива Паланка - Деве Баир, во атар на с.Крклја, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „Опел Корса‟ со скопски регистарски ознаки, управувано од С.С.(65) од Скопје и товарно возило „Мерцедес‟ со кумановски регистарски ознаки, управувано од Ј.М.(32) од Крива Паланка. Во незгодата С.С. се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Здравствениот дом-Крива Паланка, каде околу 15.50 часот починал. Сопатничката од истото возило, К.С.(65) од Скопје се здобила со тешки телесни повреди и била пренесена и задржана во Комплексот клиники „Мајка Тереза‟ во Скопје. Увид

на местото на настанот извршиле Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Крива Паланка.

На 08.05.2019 година во 11.00 часот во с.Мородвис, кочанско, патничко возило „Лада Нива" со штипски регистарски ознаки, управувано од Е.А.(71) од село Мородвис, удрило во пешакот С.И.(79), од истото село. Во незгодата пешакот се здобил со тешки телесни повреди и по укажаната лекарска помош во Здравствениот дом во Кочани бил пренесен во Клиничката болница во Штип на понатамошно лекување. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициската станица Кочани.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Л.Ф.(32) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори". На 02.05.2019 година во Гостивар полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле наркотична дрога - хашиш.

На 08.05.2019 година во 18.00 часот на Граничниот премин Табановце, по извршената проверка на лицето М.И.(38) од с.Зрновци, кочанско, било констатирано дека тој се барал за издржување казна затвор. Лицето било предадено на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 08.05.2019 година во 16.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на улица „Свети Наум Охридски" во Скопје, Д.Ч.(45) од Скопје, управувајќи велосипед, удрил во куче, при што се здобил со тешки телесни повреди.
Тој бил пренесен во Градската општа болница „Свети Наум Охридски" каде му била укажана лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

Во текот на изминатиот ден (08.05.) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје се случиле 13 сообраќајни незгоди во кои едно лице се здобило со тешки телесни повреди, а 10 лица поминале со телесни повреди. Во рамки на преземените мерки и активности во делот на безбедноста во сообраќајот констатирано е дека седум возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Потоа, од сообраќај се исклучени 11 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило. Петмина возачи се санкционирани поради минување на крстосница на црвено светло, тројца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, тројца - поради неправилно престројување, еден возач поради неправилно престигнување, четири возачи на мотоцикли поради неносење заштитен шлем, еден возач поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 10 возачи - поради користење на мобилен

телефон при управување со возило. Исто така, од сообраќај се исклучени и 10 возила бидејќи биле нерегистрирани. Во однос на пешаците, пак, санкционирани се осум пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин и двајца пешаци поради поминување коловоз на црвено светло. Во текот на изминатиот ден издадени се и 74 мандатни платни налози и 67 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 08.05.2019 година околу 21.55 часот на локалниот пат с.Копанце-с.Туденце, тетовско, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Тетово запреле патничко возило „Мерцедес" со тетовски регистарски ознаки, што го управувал С.С.(22) од Тетово, во кое се наоѓале и А.Л.(21), 17-годишник од Тетово и Б.И.(20) од Порој. При преглед кај нив била пронајдена марихуана. С.С, А.Л. и Б.И. биле приведени и задржани во Полициската станица Тетово, додека 17-годишникот ќе биде повикан дополнително. По целосно расчистување на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 08.05.2019 година во 19.10 часот на Граничниот премин „Богородица" за влез во Република Северна Македонија се пријавило патничко возило со португалски регистарски ознаки, управувано од К.С.(38) од Непал. При извршен преглед во возилото биле пронајдени сокриени двајца непалски државјани. Поради постоење основи на сомнение дека е сторител на кривично дело „криумчарење на мигранти" К.С. бил приведен и задржан во Полициската станица Гевгелија за понатамошна постапка, а мигрантите биле спроведени во Транзитен центар Гевгелија.

На 08.05.2019 година околу 10.00 часот на улица „Страшо Пинџур" во Тетово, зад паркинг на станбена зграда, полициски службеници ги затекнале Р.Х.(27) и М.М.(31), двајцата од Гостивар, и кај нив се пронајдени наркотични средства. Двајцата биле приведени во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.05.2019 година околу 16.30 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на улица „Борче Јовановски" во Гостивар, додека растоварал железо од приколка на товарно возило „Мерцедес", Н.Е.(34) од Гостивар се здобил тешки телесни повреди. Тој бил пренесен во гостиварската општа болница „Ферид Мурад", а по укажаната лекарска помош бил префрлен во комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Извршен бил увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.К.(30) од село Урвич,тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама''. Во текот на февруари 2018 година во Тетово, пријавениот довел во заблуда 48-годиѓен маж од тетовско село дека ќе му обезбеди документи за добивање работна виза за него и неговите синови за Германија за што му побарал 400 евра поединечно за секоја виза. Оштетениот му дал 400 евра, а во два наврати на жиро сметка на пријавениот уплатил уште 24.338 денари, но документите не ги добил

На 08.05.2019 година околу 10.20 часот на паркинг на улица „Маршал Тито‟ во Тетово, товарно возило „ Фиат дукато‟ со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Н.(34) од Скопје, враќајќи се наназад, удрило во Б.Н.(77) од Тетово. Од ударот Б.Н. се здобила со тешки телесни повреди и со истото возило била пренесена во тетовската клиничка болница. Увид извршила екипа од СВР Тетово.

На 08.05.2019 година околу 18.00 часот на магистралниот пат Кичево-Гостивар, кај местото викано „Сатеска‟, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „Фолксваген Пасат‟ со гостиварски регистарски ознаки, управувано од А.Б.(22) од Австрија и патничко возило „Рено‟, управувано од Т.М.(45) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Б.Ј.(55), сопатник во возилото „Рено‟. Таа била пренесена во комплексот клиники „Мајка Тереза‟ во Скопје.

На 07.05.2019 година во СВР Битола, Ј.Н. од с.Долно Оризари пријавил дека во нива, во атар на с.Долно Оризари, на место викано „Ќерамидница‟, пронашол две неексплодирани артилериски гранати калибар 75 и 85 мм од Првата светска војна. Гранатите биле безбедно подигнати од стручно лице од Дирекцијата за заштита и спасување, а увид на местото извршиал екипа од СВР Битола.

На 08.05.2019 година околу 14.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Серава‟ две непознати лица со разни предмети му нанеле повреди на Џ.И.(47) од Скопје - вработен како градежен инспектор во општина Чаир. Според пријавеното, Џ.И. вршел контрола на објект во изградба за кој немало соодветна документација за градба, при што бил нападнат од двете лица. На Џ.И. му била укажана помош во Градската општа болница „Св.Наум Охридски‟. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 08.05.2019 година, во периодот од 08.00 до 16.00 часот, на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово спроведена е акциска контрола со која биле опфатени 62 возила(ТЕ-37 и ГВ-25), од кои 41 било упатено на технички преглед (ТЕ-21 и ГВ-20). Од нив, 14 биле технички неисправни(ТЕ-6 и ГВ-8) и биле исклучени од сообраќај. Покрај ова, кај едно возило(ТЕ) откриено е дека сообраќајната дозвола била истечена и еден возач(ГВ) не се придржувал на законските ограничувања предвидени за почетници.

На 08.05.2019 година на подрачјето на СВР Велес спроведена е акциска контрола на возачите и возилата учесници во сообраќајот. Притоа, контролирани се 92 возила и констатирани се 19 прекршоци. Во Велес, од контролираните 33 возила, седум биле неисправни, во Кавадарци, од 28 контролирани, шест биле неисправни и во Неготино, од 31 контролирано возило, шест биле неисправни.

На 08.05.2019 година околу 19.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред угостителски објект на крстосницата од булеварите „Климент Охридски" и „Партизански Одреди" неколку лица физички ги нападнале Д.Б.(18) од с.Агино село, кумановско и Д.Д.(18) од с.Јурумлери, скопско. На Д.Б. со остар предмет му нанеле убодна рана и на него му е укажана помош во комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.05.2019 година, во периодот од 08.00 до 14.00 часот, на подрачјето на СВР Струмица спроведена е акциска контрола на учесници во сообракајот. Контролирани се 119 возила и возачи, а 19 возила се упатени на вонреден технички преглед. Констатирани се седум прекршоци во однос на возила, за кои се издадени осум прекршочни платни налози и седум возила се исклучени од сообраќај. Кај возачите се констатирани осумнаесет прекршоци, за кои се издадени осум мандатни платни налози, седум прекршочни платни налози, поднесени се две барања за поведување на прекршочна постапка и исклучени од сообраќај се осум возачи. Исто така, изречени се три мерки и за непрописно паркирани возила, односно издадени се еден мандатен платен налог, еден прекршочен платен налог и еден возач е писмено предупреден.

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола на 08 мај извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство, исправност на возилата, сигурносен појас. Притоа, контролирани се 432 возачи ,од кои осум возачи управувале возило без возачка дозвола, нерегистрирани биле осум возила,

технички неисправни биле девет возила, а еден возач не користел сигурносен појас. Брзината ја надминале 10 од контролираните возила.

На 08.05.2019 година околу 06.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека позади угостителски објект на бул.„Св.Климент Охридски" непознато лице со воздушна пушка пукало кон И.Р.(20) од Скопје и го погодило во пределот на левата потколеница. Претходно, според пријавеното, И.Р. бил физички нападнат од неколку лица. На И.Р. му била укажана лекарска помош во комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.05.2018 година околу 16.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на локалниот пат помеѓу селата Долно Лисиче и Горно Лисиче, настанал пожар во патничко возило „Фолксваген пасат", сопственост на М.Н.(29) од Скопје. Според пријавеното, пожарот настанал додека тој работел на возилото, при што се здобил со изгореници. Пожарот бил локализиран околу 16.45 часот од екипа на Противпожарната единица, а М.Н. бил пренесен во Ургентен центар при комплексот клиники „Мајка Тереза" Скопје, каде му била укажана помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против З.А.(18) од село Озормиште, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 23.01.2019 година, во Тетово на улица „Страшо Пинџур", пријавениот со патничко возило пресретнал 14-годишно девојче и и одзел мобилен телефон.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против В.И.(26) од село Полето, делчевско и Д.А.(34) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори". Во август 2017 година на градскиот базен во Делчево, каде се одржувал фестивал, полициски службеници извршиле преглед над В.И. и пронашле таблети MDMA, додека при преглед на возилото кое го управувал Д.А. пронашле и одзелетаблети MDMA и амфетамин.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.М.(35) од село Долна Баница и Б.Ц.(28) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама при добивање кредит или друга погодност", додека А.М. е пријавен и поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело за „перење пари и други приноси од казниво дело". Во мај 2016 година,

пријавените иако знаеле дека мотоцикл со странски регистарски ознаки не ги исполнува условите за регистрација, пред Бирото за метрологија при Министерството за економија го приложиле само купопродажниот договор склучен на 30.03.2016 година помеѓу Д.Ѓ. од Швајцарија-продавач и А.М. како купувач и потврда за повратник издадена од МВР на име на пријавениот Б.Ц., додека купопродажните договори склучени во Швајцарија на 10.11.2014 година и 08.01.2015 година не ги приложиле, бидејќи знаеле дека пријавениот Б.Ц. во тој период не го поседувал мотоциклот. По ова, А.М. мотоциклот го продал на Д.Т. од Тетово, кој во Отсекот за управни работи Тетово поднел барање за регистрација на возилото и истото било регистрирано.

На 08.05.2019 година во Полициската станица Свети Николе било пријавено дека околу 10.00 часот на автопатот во изградба Миладиновци-Штип, кај преминот за с.Мечкуевци, светиниколско, И.И.(24) од с.Вејце, тетовско, паднал од висина од три метри додека извршувал градежни работи. Притоа, И.И. се здобил со тешки телеснаи повреди и бил пренесен во Клиничката болница Штип, каде му била укажана леарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската стница Свети Николе, а за настанот бил известен и трудов инспектор.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)